# НАРОДНАТА МЕДИЦИНА КАЈ МАКЕДОНЦИТЕ (ТРАДИЦИЈА И СОВРЕМЕНОСТ)

**Раководител - главен истражувач:** д-р Владимир Караџоски
**Соработници:** д-р Ели Милошеска, д-р Соња Ризоска Јовановска
**Надворешен соработник - експерт**: д-р Танас Вражиновски
**Траење на проектот:** 2009-тековно

Предмет на истражувањето е една од позначајните области на народната култура кај Македонците, народната медицина, нејзината традиционална и современа пракса. Здравјето за народот во Македонија не претставува само физичка благосостојба, туку и високо општествено самочувство кое произлегува од свеста за сопствената вредност и позитивните оценки на околината. Да се биде здрав и силен, тоа значи да се биде способен за секојдневен физички и психички напор и работа. Тоа е амбицијата на секој човек во Македонија. Целта на овој научно-истражувачки проект е да ги истражи, евидентира, проучи, анализира и претстави народните обичаи, верувања и традиционалните дејства поврзани со здравјето на луѓето и различните видови на заштита и лечење, а кои и денес егзистираат не само во селските, туку и во некои развиени урбани македонски средини.